ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, по одржаното Собрание на доверители на ден 28.10.2024 година во присуство на стечајниот управник на должникот Ацо Петров од Скопје, како и доверителите МФ- УЈП Дирекција за големи даночни обврзници Скопје, застапуван од ДП на РСМ Велес Валерија Николова, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, застапуван од полномошник адвокат Слаѓана Миленковиќ од Адвокатско Друштво Ана Софрониевска и Емилија Поленак Скопје, Друштво за логистика Виатор и Вектор ДОО Скопје, застапувано од адвокат Ивана Јефтиќ Николова од адвокатско друштво Тошиќ и Јефтиќ и доверителот АД за Осигурување Евролинк, застапувано од Ангел Наковски дипломиран правник со положен правосуден испит, вработен кај доверителот, на ден 29.10.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, донесе одлука со која СЕ ПРИФАЌА понудата за продажба на имотот на стечајниот должник и тоа недвижен имот - идеален дел 10/16 од земјиште со површина од 136 м2, лоцирано во МВ Грнчарница, КП 286, дел 6, култура 11 000, класа 6, ИЛ 875 КО Башино Село на понудувачот Никола Иванов од Велес, за цена од 240.000,00 денари плус ДДВ 18%.

СЕ ЗАДОЛЖУВА купувачот Никола Иванов од Велес на жиро-сметка на стечајниот должник да го уплати износот на понудената цена од 240.000,00 денари плус 18 % ДДВ во рок од 8 дена од приемот на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд во тек е стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за трговија на големо и мало, угостителство и туризам МАРИЈА ТРЕИД ДОО увоз-извоз Велес -во стечај, отворена со Решение СТ.бр.24/2021 од 31.08.2021 година.

Врз основа на одлука на Одборот на доверители донесена на седница од 17.04.2024 година, стечајниот управник на ден 06.09.2024 година во дневен весник Нова Македонија објави оглас за прва продажба на имотот на должникот – идеален дел 10/16 од земјиште со површина од 136 м2, по пат на електронска продажба без почетна цена, која беше закажана и се одржа на ден 23.09.2024 година. Стечајниот управник до судот на ден 26.09.2024 година достави предлог за свикување на Собрание на доверители по спроведена постапка на електронска продажба, со која го извести судот дека на одржаната електронска аукција е постигната највисока понуда во износ од 240.000,00 денари. Од страна на стечајниот управник е приложен електронски извештај од системот на Е-стечај, со прилози. Со решение СТ бр. 24/21 од 27.09.2024 година судот закажа собрание на доверители. На одржаната седница на Собранието на доверители на ден 28.10.2024 година, присутни беа доверители со побарувања од 19.866,% од вкупно утврдените побарувања.

Во однос на понудената цена за недвижен имот - идеален дел 10/16 од земјиште со површина од 136 м2, лоцирано во МВ Грнчарница, КП 286, дел 6, култура 11 000, класа 6, ИЛ 875 КО Башино Село, ЗА прифаќање на понудата гласаа сите присутни доверители, што претставува вкупно 100 % од доверителите со утврдени побарувања кои беа присутни на Собранието на доверители. Врз основа на гласањето, Собранието на доверители донесе одлука со која се прифати понудата.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, а при состојба кога донесената одлука на Собранието на доверители е во согласност со чл.99 ст.2 од Законот за стечај (пречистен текст) и е донесена со потребното мнозинство во смисла на чл.47 ст.2 од истиот закон, следуваше судот да одлучи како во ст.1 изреката на решението, а согласно чл.11 ст.1 од Законот за стечај. Врз основа на чл.100 ст.1 од Законот за стечај, следуваше судот да одлучи како под ст.2 од изреката на решението и да го задолжи купувачот да го

уплати износот на постигнатата цена во рок од 8 дена од приемот на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.24/2021 од 28.10.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволено е право на жалба во рок од 8 дена од приемот односно од објавување на огласна табла на судот преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.
Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН. - стечаен управник Ацо Петров од Скопје
- купувач Никола Иванов од Велес
- доверители и учесници на електронско наддавање - преку огласна табла и веб страна на судот
- ЦР на РСМ Велес -е-стечај